Број: 02 - 13446/2
05.08.2009 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од LVI -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

одржана на 07.07.2009 во 12.00 часот
и на 20.07.2009 во 12.00 часот
во просториите на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, директор на секторот за финансии;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*

- *Зоран Крајоски, директор на секторот за контрола (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар.*

Претседателот на Управниот одбор Фисник Ибраими ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, го предложи следниот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

- *Усвојување на записникот од LV -та седница на Управниот одбор одржана на 30.06.2009 година*

1. *Предлог од министерот за здравство за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Барања од областа на работните односи;*
3. *Разно.*

Потоа предложи да се разгледа и барањето од министерот за здравство за изменување на правилникот за содржината и начинот на остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување кое е упатено до Управниот одбор на Фондот а за кое стручната служба на Фондот има изготвено мислење.

Снежана Костадиноска Милошеска и Љубиша Каранфиловски побараа Управниот одбор построго да се придржува кон деловникот за работата на Управниот одбор и да не дозволува проширување на дневниот ред пред самата седница. Исклучоци треба да се прават само во случаите кога е нависитина неопходно итно да се реагира во врска со некое прашање. Ова барање за измена на правилникот би можело да се разгледа, но укажаа дека во иднина ќе бараат построго придржување кон деловничките одредби.

Снежана Костадиноска Милошеска истакна дека прашање кое е актуелно и кое треба да се разгледа повторно на оваа седница е барањето на Македонски авиотранспорт за повлекување на барањето за извршување што Фондот го има поднесено против оваа фирма. Ова од причина што на претходната седница Управниот одбор донесе одлука со Македонски авиотранспорт да се склучи спогодба за плаќање на долгот за неплатен придонес за здравствено осигурување на 12 месечни рати а по потпишувањето на спогодбата да се повлече барањето за извршување. Меѓутоа, на претходната седница на која таа не присуствувала, барањето веќе било разгледувано и по него било негативно одлучено. Од таа причина треба да се разјасни ставот на Управниот одбор, поради што побара тоа да биде на дневниот ред како прва точка.

По изнесувањето на овие предлози, Управниот одбор едногласно го усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Барање од Македонски Авиотранспорт за репрограмирање на обврските;*
2. *Предлог од министерот за здравство за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Барања од областа на работните односи;*
4. *Барање од министерот за здравство за изменување на правилникот за содржината и начинот на остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување;*
5. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.

- *Усвојување на записникот од LV -та седница на Управниот одбор одржана на 30.06.2009 година*

Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LV -та седница на Управниот одбор одржана на 30.06.2009 година.

ТОЧКА 1 - *Барање од Македонски Авиотранспорт за репрограмирање на обврските;*

Снежана Костадиноска Милошеска повтори дека при донесувањето на одлуката со Македонски авиотранспорт да се склучи спогодба за плаќање на долгот за неплатен придонес за здравствено осигурување на 12 месечни рати а по потпишувањето на спогодбата да се повлече барањето за извршување, што Управниот одбор ја донесе на мината седница не била запознаена дека на претходната седница на која таа не присуствувала, барањето веќе било разгледувано и по него било негативно одлучено. И претставникот на Македонски авиотранспорт кој беше присутен на минатата седница извести дека неговата фирма ги уредила односите со другите субјекти кон кои е должна а се во надлежност на Владата. Меѓутоа, Владата на Република Македонија за прашањето на Македонски авиотранспорт ќе расправа на денешната седница, па дури тогаш ќе можеме да знаеме дали и какви мерки ќе превземе во однос на Македонски авиотранспорт. Поради сето тоа, предложи одлуката која беше донесена на минатата седница да се стави во мирување, да се побара од Македонски авиотранспорт да поднесе документација од која ќе може да се види колку би помогнало повлекувањето на барањето за извршување од страна на Фондот за решавање на нивните финансиски проблеми и да се почека ставот на Владата по разгледувањето на прашањето на Македонски авиотранспорт.

Со ова се согласи и Фисник Ибраими кој рече дека не му било познато дека Владата ќе расправа за Македонски авиотранспорт, и директорот Тренкоски кој истакна дека најдобро решение е Владата да го реши тоа прашање.

Потоа Лазар Трајчев даде дополнително објаснување, наведувајќи дека досега Владата немала завземено став по прашањето на Македонски авиотранспорт

и Фондот постапуваше врз основа на важечките законски прописи и во согласност со своите интереси. Ако Владата завземе став важечки и за Фондот, ние ќе го почитуваме. Но, ако тоа не се случи, останува на Фондот да ги заштитува своите средства.

Фисник Ибраими праша што ќе се случи со побарувањата на Фондот ако се отвори стечајна постапка над Македонски авиотранспорт, односно како во таков случај Фондот ќе ги штити своите интереси.

Лазар Трајчев одговори дека ако Владата не превземе некакви мерки во врска со ова прашање, и ако се отвори стечајна постапка над Македонски авиотранспорт, Фондот во постапката ќе го пријави своето побарување.

По ова, Управниот одбор донесе

Заклучок:

- *Одлуката со Македонски авиотранспорт да се склучи спогодба за плаќање на долгот за неплатен придонес за здравствено осигурување на 12 месечни рати, а по потпишувањето на спогодбата да се повлече барањето за извршување која беше донесена на LIV-та седница се става во мирување до донесување на став на Владата на Република Македонија по прашањето на Македонски авиотранспорт.*

- *До Владата да се достават документите во врска со долгот на Македонски авиотранспорт кон Фондот како и нивните барања упатени до Фондот заради разгледување во рамките на точката посветена на Македонски авиотранспорт.*

***ТОЧКА 2 -** Предлог од министерот за здравство за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

Вовед во расправата даде Фисник Ибраими. Потсети дека оваа точка беше на дневниот ред и на минатата седница но се одложи за да може стручната служба на Фондот да го проучи предлогот па за оваа седмица да се закаже нова седница на Управниот одбор кога ќе се разгледа предлогот на Министерството и мислењето на стручната служба.

Снежана Костадиноска Милошеска рече дека според нејзините сознанија на 15 јули Владата требало да разгледа точка што се однесува на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. За тоа слушнале и останатите членови на Управниот одбор па сметала дека дури потоа Управниот одбор ќе го разгледува предлогот на министерот.

Фисник Ибраими наведе дека таа информација не е точна, и дека министерот за здравство кој е член на Владата побарал предлогот да се разгледа што побрзо. Предлогот е разгледан и поддржан и од Комисијата за позитивната листа која го анализирала од сите аспекти па и од финансискиот.

Директорот Тренкоски укажа дека одговорноста за Листата на лекови на товар на Фондот е најмногу на Управниот одбор, а потоа и на менаџментот на Фондот. Поради тоа сакаме да ги направиме неопходните анализи пред да го

поддржиме предлогот. Иако стручната служба на Фондот работеше на анализата, се покажа дека времето помеѓу седниците беше недоволно, па анализата не е готова.

Директорот Јелникар дополни дека работа на Комисијата за позитивната листа е од стручен аспект да ја анализира листата а не и од финансиски.

Љубиша Каранфиловски исто така укажа дека е неопходна финансиска анализа за предлогот зашто треба да се знае за колку ќе треба да се зголемат средствата за лекови од позитивната листа. Освен тоа, измената ќе има одраз и на квотите на аптеките. Инаку, начелно предлогот од Министерството е добар.

По ова, претседателот на Управниот одбор Фисник Ибраими ја прекина седницата, и побара од стручната служба на Фондот да се изготви анализата и за тоа да биде известен. Откако ќе добие такво известување ќе закаже продолжение на седницата.

На тој начин Управниот одбор во 13.00 часот заврши со работата на LVI -та седница. Продолжението ќе биде дополнително закажано.

Седницата продолжи со работа на 20.07.2009 година во 12.00 часот во присуство на

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Марија Гулија, советник на директорот;*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар.*

На седницата во врска со точка 2 - Предлог од министерот за здравство за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, присуствуваше и Мерјем Хаџиханза, претседател на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Претседателот на Управниот одбор Фисник Ибраими ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, потсети дека работата продолжува по истиот дневен ред. Затоа, треба да се продолжи со работа по точката 2, која треба да се прошири со утврдување на референтни цени на лекови. Покрај ова, на претходната седница по разгледувањето на барањето на АД Реплек за повлекување на поднесената тужба, Управниот одбор одлучи за тоа прашање да се побара мислење од правните застапници на Фондот по што повторно да се разгледа. Бидејќи мислењето е добиено може на оваа седница да се разгледа.

ТОЧКА 2 - *Предлог од министерот за здравство за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, и утврдување на референтни цени на лекови;*

Претседателот Фисник Ибраими на членовите на Управниот одбор им ги претстави Мерјем Хаџиханза, претседател на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, и Марија Гулија, вработена во Фондот и член на истата комисија кои учествувале во изработката на предлогот на министерот за здравство за изменување и дополнување на Листата на лекови. Предложи расправата да започне со излагање на Мерјем Хаџихамза.

Мерјем Хаџиханза ги запозна членовите на Управниот одбор дека Комисијата е формирана од министерот за здравство, и дека во своето работење е независна а се раководи од Упатството за критериумите, начинот и постапката за изменување и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија донесено од министерот за здравство. Начинот на работата на комисијата е уреден со деловник. Истакна дека предлогот кој го изработи комисијата опфаќа само лекови за кои се утврди дека се неопходни, вкупно 17 на број како и лекови за кои се предлага промена на режимот на издавање, односно наместо болнички да се издаваат во примарната здравствена заштита. Членовите на Комисијата беа свесни дека финансиите се фактор но и дека треба да се излезе во пресрет на потребите на осигурениците. Потоа, се осврна на секој одделен предлог, наведувајќи ги причините за предложената измена и ефектот што се очекува да се постигне. Наведе и за третирање на кои здравствени нарушувања се користат предложените лекови, но и некои во јавноста познати случаи кај кои кога потребните лекови би биле на позитивната листа проблемите на засегнатите лица би биле решени на задоволителен начин.

По излагањето на Мерјем Хаџиханза членовите на Управниот одбор поставуваа прашања и од нејзина страна добиваа одговори.

Потоа, директорот Јанез Јелникар наведе дека Фондот, поаѓајќи од предлогот на министерот за здравство изработен од комисијата ги подели предложените лекови во три групи. Првите две групи се прифатливи и веднаш може да се вклучат во листата на лекови на товар на Фондот, додека третата група на лекови кои во работниот материјал се означени со црвена боја се лекови за кои немаме цени. За овие лекови сметаме дека треба да се направи сеопфатна анализа како за цената така и за обемот на нивно користење и за буџетот со кој располага Фондот. Затоа, за нив предлагаме да се разговара во иднина. Препорачуваме и доколку Управниот одбор го прифати предлогот за изменување и дополнување на листата на лекови, тој да се применува од 1 септември. Овој рок ќе им овозможи на дистрибутерите на лекови да се прилагодат на измените.

По ова, директорот Георги Тренкоски рече оти се согласува дека е добро измените да не се применуваат пред 1 септември, но истакна дека пред се има резерви во однос на финансиското влијание на две групи на лекови кои се предлагаат да се вклучат на примарната листа, и тоа групата на бисфосфонати и уролошките лекови. Тој смета дека одлучувањето за сите предложени измени би требало да се одложи за септември и засега да не се прифаќа листата заради незавршена финансиска анализа.

Директорот Јелникар дополни дека е можно одлагање на измените на листата на лекови а на денешната седница да се извршат само предложените промени на референтните цени на лековите. Ние во анализите стартувавме токму од референтните цени и направивме многу анализи. Направени се споредби со цените во Србија и Бугарија и со количините на лекови кои се трошат, по што е заклучено дека нашите цени се сеуште за 20% под цените во овие земји. Пресметките покажуваат дека со предложените цени ќе оствариме заштеда од 5% на годишно ниво.

Љубиша Каранфиловски по ова на Мерјем Хаџиханза и постави прашање за мислењето на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови за предлогот од Фондот лековите кои во материјалите се означени со црвено да се разговара во иднина. Мерјем Хаџиханза одговори дека комисијата е колективно тело и дека без одржување на седница не може да се изгради нејзин став.

Директорот Јелникар рече и дека би било добро Комисијата да ја ревидира Листата на лекови. До Фондот постојано пристигнуваат предлози во таа насока.

Мерјем Хаџиханза побара Фондот да ја запознае Комисијата со предлозите кои пристигнуваат до него. Инаку, за бисфосфонатите имаме долготраен притисок за вклучување на листата но мора да се изнајде начин за ставање под контрола на нивното користење.

Страшо Наумоски праша колку регистрирани корисници на Бонвива има во земјата. По одговорот од Мерјем Хаџиханза дека има околку 1000, праша дали таа бројка може да се зголеми со вклучување на Листата на лекови на товар на Фондот.

Мерјем Хаџиханза одговори негативно, и тоа од причина што со Клиниката за ендокринологија е изготвен протокол за издавање на овој лек со кој се уредени условите за негова примена.

Потоа Страшо Наумоски праша дали тој протокол е дистрибуиран на здравствените установи за да се запознаат лекарите од секундарната здравствена заштита.

На прашањето одговори Марија Гулија наведувајќи дека тоа сеуште не е сторено, но доколку се усвојат измените на листата, како следен чекор ќе се превземат потребните активности за нејзина успешна примена.

Страшо Наумоски изрази стравување дека со промената на режимот на издавање на одредени лекови, односно во болниците тие да се издаваат во примарната здравствена заштита ќе се предизвика зголемување на средствата што ќе се трошат за 20%, па со тоа за кратко време ќе се потроши буџетот определен за примарната здравствена заштита.

Љубиша Каранфиловски наведе дека е важно првин да се види заштедата, односно дали со измените ќе се остане во истиот буџет за Листата на лекови на товар на Фондот. Ако не се остане во истите рамки, да се пресмета колкаво зголемување ќе има. Потоа праша дали за Министерството за здравство е прифатливо лековите кои се означени со црвено да бидат предмет на разгледување дополнително на што Фисник Ибраими одговори потврдно наведувајќи дека е нормално така да се постапи во услови кога немаме релевантни податоци за анализа на импликациите од нивно вклучување во листата.

По ова, расправата по точката 2 од дневниот ред заврши а претседателот предложи Управниот одбор да гласа за предлозите за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Управниот одбор едногласно ја донесе предложената

Одлука
за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

и

Одлука
за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Макеоднија

ТОЧКА 3 - *Барања од областа на работните односи;*

Борис Јосифовски укажа дека Управниот одбор во врска со оваа точка нема добиено мислење во писмена форма од стручната служба на Фондот. Поради тоа предложи оваа точка да не се разгледува на денашната седница а Управниот одбор да побара за следната седница да биде доставено мислење.

Останатите членови го поддржаа неговиот предлог, по што Управниот одбор едногласно донесе

Заклучок: *Разгледувањето на барањата се одлага за следната седница за кога стручната служба на Фондот да изготви мислење во писмена форма.*

ТОЧКА 4 - *Барање од Реплек за повлекување на тужбата што Фондот ја има поднесено за стекнување без основ;*

Фисник Ибраими укажа дека мислењата на двата правни застапници на Фондот заедно со дополнетото барање на Реплек се поделени пред самата седница. Освен тоа, тие се различни и донекаде спротивни. Поради тоа, за членовите на Управниот одбор да имаат можност внимателно да ги разгледаат барањето и мислењата, предложи а останатите членови на Управниот одбор едногласно прифатија, одлучувањето по оваа точка да се одложи за следната седница за кога и Фондот да даде свое мислење за предметот.

На тој начин, Управниот одбор едногласно донесе

Заклучок: *За барањето на Реплек да се одлучува на наредната седница за кога Управниот одбор да добие мислење и од стручната служба на Фондот.*

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Беким Сали